**МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ**
**ЦЕНТАР ДОО СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ
ВАРДАР
КРОАЦИА
Бр 05-1525/2
21.04. 2008 год.
СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО СОДРУЖНИЦИТЕ НА АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВАРДАР КРОАЦИА СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД за осигурување на живот Вардар Кроациа - Скопје ("Друштвото"), кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31. Декември 2007 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО СОДРУЖНИЦИТЕ НА
АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ
ВАРДАР КРОАЦИЈА СКОПЈЕ (ПРОДОЛЖУВА)**

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31. Декември 2007 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје,18.Април 2008

| **Овластен ревизор** | **Директор** |
|---|---|
| Антонио Вељанов | Антонио Вељанов |

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

## Биланс на успех за 2007 година

| Опис | Белешка | | | Износ (МКД) |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2006 | 2007 |
| **ПРИХОДИ** | 3.1, | 4.1 | | |
| Приходи од работи на осиг. | 3.1 (а), | 4.1.1 | 33.269.145,00 | 49.293.867,00 |
| Финансиски приходи | 3.1 (б), | 4.1.2 | 4.630.724,00 | 6.512.738,00 |
| Останати приходи | 3.1 (в) | 4.1.3 | 14.212.023,00 | 10.898.432,00 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | | | 52.111.892,00 | 66.705.037,00 |
| **РАСХОДИ** | 3.2, | 4.2. | | |
| **Издатоци за осигурени случаи** | | | | |
| Издатоци за штети | 3.2 (а) | 4.2.1 | 419.579,00 | 2.981.618,00 |
| Промена во техничките резер. | | | | |
| Промена во математичка резерва | 3.2 (а) | 4.2.1 | 23.604.306,00 | 32.549.431,00 |
| Промена во резерви за штети | 3.2 (а) | 4.2.1 | 162.720,00 | 765.619,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | | 24.186.605,00 | 36.296.668,00 |
| Деловни расходи | 3.2 | 4.2,2. | | |
| Трошоци на осигурувањето | 3.2 (b) | 4.2,2. | 12.976.084,00 | 11.521.576,00 |
| Амортизација | 3.2 (b) | 4.2,2. | 907.824,00 | 1.141.596,00 |
| Трошоци на материјали и услуги | 3.2 (b) | 4.2,2. | 1,140,851,00 | 1.558.680,00 |
| Трошоци на вработени | 3.2 (b) | 4.2,2. | 6.821.680,00 | 7.931.667,00 |
| Останати трошоци | 3.2 (b) | 4.2,2. | 3.526.274,00 | 4.558.115,00 |
| Вкупно деловни расходи | | | 25.372.713,00 | 26.711.634,00 |
| Финансиски расходи | 3.2 (в), | 4.2.3 | 703,00 | 59.116,00 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ | | | 49,560,021,00 | 63.067.418,00 |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | | 2,551,871,00 | 3.637.619,00 |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | 3.3, | 4.3. | 124.326,00 | 167.010,00 |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | | 2.427.545,00 | 3.470.609,00 |

**Претседател на Управен одбор**
**Жељко Јукиќ**

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

## Биланс на состојба
## на ден 31 Декември 2007 година

| Опис | Белешка | | 2006 | Износ (МКД) 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Тековни средства** | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 3.6, | 5.1. | 3.225.211,00 | 14.424.698,00 |
| Хартии од вредност | | 5.2. | 55.572.775,00 | 64.457.271,00 |
| Дадени позајмици | | | 0,00 | 61.306,00 |
| Краткорочни финансиски средсті | 3.5, | 5.4 | 27.582.380,00 | 35.182.380,00 |
| Побарувања од заедничко работі | | 5.5. | 785.262,00 | 564.997,00 |
| Други краткорочни побарвања | | 5.6 | 22.000,00 | 5.767,00 |
| Активни временски разграничува | | 5.7 | 16.245,00 | 552.534,00 |
| **Вкупно тековни средства** | | | 87.203.873,00 | 114.172.236,00 |
| **Долгорочни финансиски вложувања** | | | | |
| Вложувања во хартии од вреднос | 5,3 | | 0,00 | 8.980.281,00 |
| **Материјални и нематеријални средства** | 3.4, | 5.8. | | |
| Набавна вредност | | | 3.794.744,00 | 6.291.413,00 |
| Исправка на вредноста | | | 1.771.926,00 | 2.509.933,00 |
| Сегашна вредност | | | 2.022.818,00 | 3.781.480,00 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | | 89.226.691,00 | 128.010.714,00 |
| **Обврски** | | | | |
| Обврски по основ директни работи на осигурув. на осигурување | 5,10 | | 2.742.910,00 | 869.298,00 |
| Обврски спрема добавувачи и др | 5,9 | | 3.391.428,00 | 4.975.553,00 |
| Обврски по основ даноци | 4,3 | | 157.431,00 | 87.217,00 |
| Одложено признавање на прихоԁ | 5,11 | | 1.519.191,00 | 0,00 |
| Вкупно обврски | | | 7.810.960,00 | 5.932.068,00 |
| **Капитал и резерви** | | | | |
| Акционерски капитал | 3.7, | 6.1 | 45.975.000,00 | 45.975.000,00 |
| Законски резерви | | 6,2 | 1.332.487,00 | 2.842.482,00 |
| Останати резерви | | | | |
| Акомулирана добивка | | | | |
| Добивка од тековна година | 3.7, | 6.3 | 2.427.545,00 | 3.470.609,00 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | | 49.735.032,00 | 52.288.091,00 |
| **Технички и останати резерви** | | | | |
| Преносни премии | 3.7 | 5,12 | 235.787,00 | 406.210,00 |
| Резерви за штети | 3,7 | 5,13 | 162.720,00 | 612.000,00 |
| Математичка резерва | 3.7, | 7 | 29.259.374,00 | 61.808.805,00 |
| Организационен фонд | 7,20 | | 2.022.818,00 | 6.963.540,00 |
| Вкупно технички останати резерви | | | 31.680.699,00 | 69.790.555,00 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ, КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | 89.226.691,00 | 128.010.714,00 |

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

## Извештај за паричните текови во 2007 година

| Опис | Износ (МКД) | |
|---|---|---|
| | **2007** | **2006** |
| ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
| НЕТО ДОБИВКА | 3.470.609,00 | 2.427.545,00 |
| **Усогласување** | | |
| Амортизација | 1.141.596,00 | 907.824,00 |
| Зголемување / намалување на останати побарувања | 236.498,00 | 678.642,00 |
| Зголемување/намалување на платени трошоци на идниот период и недоспеана наплата на приходи | -536.289,00 | -16.245,00 |
| Зголемување/намалување на математичката резерва | 32.549.431,00 | 23.604.306,00 |
| Зголемување/намалување на резервите за штети | 449.280,00 | 162.720,00 |
| Зголемување/намалување на преносните премии | 170.423,00 | 143.635,00 |
| Зголемување/намалување на обврските по основ нераспоредена премија | -1.932.176,00 | 1.577.908,00 |
| Зголемување/намалување на останатите тековни обврски | 1.642.689,00 | 1.157.582,00 |
| Зголемување/намалувањена обврските по основ даноци | -70.214,00 | 143,376,00 |
| Зголемување/намалување на одложеното признавање на приходи | -1.519.191,00 | -535.583,00 |
| **Паричен тек од деловни активности** | 35.602.656,00 | 30.251.710,00 |
| **ВЛОЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Зголемување/намалување на основните средства | -2.900.258,00 | 0,00 |
| Зголемувања/намалување на вложувањата во хартии од вредност | -17.864.777,00 | -20.572.775,00 |
| Зголемување/намалување на дадените позајмици | -61.306,00 | 0,00 |
| Зголемување/намалување на краткорочните депозити во банки | -7.600.000,00 | -11.817.380,00 |
| **Паричен тек од вложувачки активности** | -28.426.341,00 | -32.390.155,00 |
| **ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Зголемување/намалување на капиталот | -917.550,00 | |
| Зголемување/намлување на останатите ставки (орг.фонд) | 4.940.722,00 | -1.597.126,00 |
| **Паричен тек од финансиски активности** | 4.023.172,00 | -1.597.126,00 |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 11.199.487,00 | -3.735.571,00 |
| ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА 01,01, | 3.225.211,00 | 6.960.782,00 |
| ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА 31.12. | 14.424.698,00 | 3.225.211,00 |

АД за осигурување на живот
ВАРДАР - КРОАЦИА Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

| Опис | акционерски капитал | | резерви на сигурност | акумул-ирана добивка (добивка 2006) | добивка од тековна година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на акции (обични) | износ МКД (000) | | | | |
| **СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА** | 7.500 | 45.975.000,00 | 1.332.487,00 | 2.427.545,00 | | 49.735.032,00 |
| **Распределба на добивката од 2006** | | | | | | |
| Резерви на сигурност | | | 1.509.995,00 | -1.509.995,00 | | |
| Исплата на награди на членови на УО и НО | | | | -917.550,00 | | -917.550,00 |
| **Добивка за тековната деловна година** | | | | | 3.470.609,00 | 3.470.609,00 |
| **СОСТОЈБА НА 31.12.2007 ГОДИНА** | 7.500 | 45.975.000,00 | 2.842.482,00 | 0,00 | 3.470.609,00 | 52.288.091,00 |